Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 09.01.2021

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (08.01.) продолжи со акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 196 мерки, од кои 27 за управување со брзина поголема од дозволената, 20 мерки за возење без возачка дозвола, 10 за нерегистрирани и технички неисправни возила, 14 за користење на мобилен телефон, пет мерки за поминување на затворен семафор (црвено светло). Засилените сообраќајни контроли продолжуваат и во наредните денови. Апелираме до граѓаните да ги почитуваат сообраќајните правила и прописи за да ја зголемиме безбедноста во сообраќајот.

На 08.01.2021 полициски службеници од ЕВР,ОКР Гази Баба,Единицата за интервентна полиција и ПО Арачиново во соработка со Државниот пазарен инспекторат во 21,20 часот извршиле контрола во чајџилница во с.Арачиново и констатирале дека објектот работи и има повеќе гости. Во чајџилницата е затекнат и сопственикот А.Б. (25) од с.Арачиново и тој е приведен во ПО Арачиново, а по документирање на случајот ќе биде поднесена кривична пријава по чл.206 од КЗ. Објектот е затворен од инспектори на ДПИ.

На 08.01.2021 околу 10,25 часот во Скопје на крстосницата од бул.„АСНОМ" и сервисна улица кон хотел во Скопје, се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно моторно возило„фолксваген транспортер" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.П.(34) од Скопје, и патничко моторно возило„сузуки балено" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ј.Ј.(47) од с.Петровец,скопско. По незгодата, Ј.Ј. бил пренесен во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" каде му била констатирана тешка телесна повреда, додека на возачот М.П. и неговиот сопатник Љ.П.(60) од Скопје во Комплекс клиники„Мајка Тереза" од доктор им биле констатирани повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 08.01.2021 во 15,00 часот во СВР Скопје, С.Б.(49) пријавила дека пред игралиште на ул.Коперникова била касната од куче скитник.

На 08.01.2021 во 13.25 часот во Ресен на ул.29 ти Ноември, патничко моторно возило „ауди" со ресенски регистарски ознаки, управувано од Т.А.Б.(31) од с.Асамати,ресенско удрило во К.Р.(57) од Ресен. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила К.Р. кои и биле констатитирани од доктор во болница„Св.Еразмо Охрид".Извршен е увид на местото на настанот.

На 08.01.2021 околу 14,30 часот била пронајдена Ј.В.(63) која на 04.01.2021 во 09.00 часот од С.В.(42) од Скопје била пријавена дека се оддалечила од дома.

На 08.01.2021 во 21.25 часот, во СВР Скопје, Е.М.(18) од с.Крушопек,скопско пријавил дека во с.Крушопек кај место викано„Извор" околу 20.10 часот додека бил со Ф.Ќ. од с.Сарај, скопско бил физички нападнат со тврд предмет од З.Ш. кој бил заедно со Б.Е., двајцата од с.Крушопек. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.01.2021 околу 23.00 часот, во СВР Скопје, Н.М.(36) од Скопје пријавил дека околу 22.45 часот на ул. Бутелска бил физички нападнат со остар предмет од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.01.2021 во 14,00 часот во СВР Куманово, А.Д.(32) од Куманово пријавила дека околу 13,40 часот во простории на невладина организација во Куманово, таа, нејзиното дете и нејзината мајка Л.Н. биле физички нападнати од нејзиниот татко ЉЈ.Д. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.01.2021 во 13.00 часот во СВР Битола, Ѓ.С. вработен во Дирекцијата за заштита и спасување пријавил дека од нива во с.Долно Оризари подигнал неексплодирана рачна граната од првата светска војна, по претходна пријава од П.К.(61) од с.Долно Оризари.

На 08.01.2021 во 14.30 часот во Полициска станица Прилеп, Џ.П.(50) од Прилеп пријавил дека околу 10.00 часот пред банка во Прилеп бил физички нападнат од лица од обезбедувањето. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.01.2020 во 14.40 часот во СВР Битола било пријавено дека во угостителски објект во Македонски Брод, С.Ц.(30) од с.Требино, Македонски Брод физички го нападнал В.М.(63) од Македонски Брод. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.01.2021 во 23.00 часот во СВР Струмица, Д.Т.(29) од Струмица пријавил дека околу 22.00 часот во казино во Струмица бил физички нападнат од Е.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.01.2021 во 17.40 часот во СВР Велес, В.С.(35) од Велес пријавил дека околу 09.30 часот во домот на С.М. бил физички напднат од С.М. и В.М. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.01.2021 во 09.20 часот во СВР Велес, П.Ш.(76) од Кавадарци пријавил дека во неговата куќа на ул. Страшо Пинџур во Кавадарци настанат е пожар, кој бил изгаснат од противпожарната единица од Кавадарци. Извршен е увид на местото на настанот.

На 08.01.2021 во 19.10 часот во Гостивар од полициски службеници од СВР Тетово бил лишен од слобода М.М.(34) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „телесна повреда" казниво по член 130 од Кривичниот законик, а постапувајќи по претходна пријава дека околу 14.00 часот во куќа во Гостивар сопственост на неговиот татко В.Д.(60), пријавениот физички го нападнал В.Д. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.01.2021 во СВР Тетово, Е.М.(45) од с.Чегране пријавил дека во периодот од 2017 и 2018 година на неколку наврати му е извршена изнуда на пари од С.Е. и Б.С.(31) двајцата од с.Чегране и В.В. од Тетово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.01.2021 околу 20,15 часот во СВР Тетово било пријавено дека во подрум на куќата на ул. ул.Никола Парапунов во Гостивар, сопственост на А.Б.(48) од с.Речане настанал пожар при што била опожарена котлара. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица од Гостивар. Извршен е увид на местото на настанот.

На 08.01.2021 околу 00.40 часот во Полициско одделение Ґалате, Б.Д.(59) од с.Врапчиште пријавил дека во куќа во с.Врапчиште сопственост на Н.А.(41) од с. Врапчиште околу 00.30 часот настанал пожар, кој бил изгаснат од противпожарната единица од Гостивар. Извршен е увид на местото на настанот.

На 08.01.2021 во 20.15 часот во Тетово од полициски службеници од СВР Тетово приведен е А.И.(28) од с.Голема Речица,тетовско поради агресивно однесување кон полициски службеници. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.01.2021 во 15,30 часот во Полициска станица Гази Баба, И.П.(46) од Скопје пријавил дека од дома се оддалечил Н.П.(18). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 08.01.2021 во 23.10 часот на подрачје на Карпош, од полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода М.Ј.(32) од Скопје, постапувајќи по пријава на Џ.К.(18) дека околу 19.00 часот истиот противправно ја задржал во неговиот стан и физички ја нападнал и малтрертирал. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.